CORE

Implemented by:



Почитувани претставници на градови и општини во Југоисточна Европа,

Задоволство ни е по успешно завршена постапка за ревизија, по повеќе од шест месеци посветена работа во која учествуваа над 100 соговорници и експерти од областа на локалниот економски развој и стандардизација на општински услуги, да претставиме дел од најновите предности и можности за унапредување на BFC SEE програмата и IV-та едиција на меѓународниот BFC SEE стандард. Целиот процес на унапредување на Програмата го спроведе Партнерството за конкуретен регион – CORE Партнерство со поддршка на Германската развојна соработка имплементирана од ГИЗ.

Во пресрет на новиот процес на сертификација и регионален натпревар помеѓу најуспешните градови и општини во Југоисточна Европа што нé очекува во тек на 2023 година, се радуваме на новите предизвици кои креаторите на поволното деловно опкружување ги поставија пред нас.

Убедени дека заедно ќе успееме да одговориме на поставените задачи и дека токму Вашата општина ќе се најде меѓу првите носители на престижниот BFC SEE сертификат и на тој начин ќе се позиционира на инвестициската мапа на Југоистоична Европа, Ве повикуваме во продолжение накратко да се информирате околку деталите и перспективите што Ви ги нуди оваа единствена програма.

Со почит,

Душица Перишиќ,
Извршен директор на ЗЕЛС, и претседателка на BFC SEE Регионален совет

**ДОЗНАЈТЕ...**

- Што е Партнерство за конкурентен регион?
- Што е BFC SEE Програма?
- Кои се предностите и придобивките за BFC SEE градови и општини?
- Колку е BFC SEE програмата атрактивна за општината?
- Кои се мотивите на општината да учествува во BFC SEE програмата?
- Кои се придобивките за општината од поседување BFC SEE сертификат?
- Кои се новините од IV-та едиција на BFC SEE стандардот?
- Кои се критериумите што една општина мора да ги исполни за да се најде меѓу најуспешните општини во регионот?
- Колку трае процесот на сертификација и колку важи BFC SEE сертификатот?
- Која е процедурата за учество на општините во BFC SEE програмата?

## ШТО Е ПАРТНЕРСТВО ЗА КОНКУРЕНТЕН РЕГИОН?

Партнерство за конкурентен регион (CORE Partnership) со над 20 институции и организации од регионот на Југоисточна Европа претставува единствена платформа и механизам што овозможува регионална соработка и размена на знаења за имплементација на реформски процеси со цел унапредување на условите за деловно работење, забрзан стопански раст и забрзување на процесот на европски интеграции.

Како надградба на BFC SEE Мрежата за поволно деловно опкружување во Југосточна Европа, оваа платформа инспирираше бројни регионални иницијативи и имплементираше проекти во вредност од седум милиони евра, со поддршка на клучни меѓународни институции (GIZ, SDC, USAID, SIDA,RCC,EBRD, World Bank), како и приватни партнери.

Покрај BFC SEE програмата која со голем успех се спроведува повеќе од 10 години, клучни активности на CORE Партнерството се размена на добри практики и иницирани реформи за подобро деловно опкружување во областа на електронски градежни дозволи, ангажирање сезонски работници, како и фацилитирање развојни партнерства помеѓу јавниот и приватен сектор.

**Предности на CORE Партнерство**

- Усогласување и унапредување на услови за деловно работење во Југоисточна Европа
- Идентификација и репликација на најдобри практики во ЕУ и регионот
- Пренесување добри практики чија примена придонесува за пораст на позицијата на светските листи за конкурентност
- Јакнење на имиџот на Југоисточна Европа како инвестициска дестинација преку заеднички печат за квалитет
- Поттикнување на економска соработка и размена, привлекување нови инвестиции во регионот
- Јакнење на конкурентност на општини и рангирање на меѓународни листи (Financial Times)
- Промоција на сертифицирани општини и градење препознатливост на национално и меѓународно ниво
- Идентификување средини со најголем потенцијал за развој и вложувања–од страна на државата, донаторите и инвеститорите
- Поддршка од национални и меѓународни институции и донатори
- Привилигирана позиција и дополнителни можности за воведување иновативни модели на соработка помеѓу приватен и јавен сектор (DeveloPPP) што придонесува за севкупен развој на локалната заедница

## ШТО Е BFC SEE ПРОГРАМА?

BFC SEE претставува единствена програма за подобрување и усогласување на условите за деловно работење, кои поттикнуваат и овозможуваат поврзување и сроаботка меѓу најуспешните градови и општини, со цел привлекување нови инвестиции во регионот на Југоисточна Европа.

Програмата е базирана на принципите на добра и ефикасна управа и наменета е, пред сé за локалните самоуправи кои имаат проактивен пристап во развојот на своите инвестициски потенцијали.

## КОИ СЕ ПРЕДНОСТИТЕ НА BFC SEE ПРОГРАМАТА?

Програмата обезбедува за општините и градовите јасни насоки за унапредување на своите перфоманси, нивото на квалитет и ефикасност на услуги кон приватниот сектор, како и конкурентност на локалното стопанство на регионално и меѓународно ниво.

На стопанството и инвеститорите кои сакаат да ги пренесат или прошират своите дејности, BFC SEE обезбедува стабилно и предвидливо деловно опкружување и помага во идентификација на општини и градови кои нудат најдобри услови за вложувања и имаат најголем потенцијал за развој во Југоисточна Европа.

За државата, BFC SEE програмата претставува јасен сигнал кои се општините и градовите кои имаат потенцијал за локален економски развој, и кои од нив би требало натаму да се поттикнуваат во создавање подобар деловен амбиент.

На регионално ниво, преку воведување ЕУ стандарди, BFC SEE програмата придонесува за јакнење на соработката, размена на искуства, како и учество во заеднички регионални иницијативи со што во голема мера придонесува и го олеснува исполнувањето на обврските од процесот на европска интеграција.

## КОЛКУ BFC SEE ПРОГРАМАТА Е АТРАКТИВНА ЗА ОПШТИНАТА?

Резултатите од спроведено истражување покажуваат дека речиси 90% од анкетирани општини и градови ја сметаат BFC SEE програмата за атрактивна.




Од друга страна, 3/4 од анкетирани општини и градови кои не биле учесници во BFC SEE програмата, смета дека учеството во неа за нив би било корисно, а речиси сите кои досега учествуваа (98%) би препорачале на други општини да се вклучат во оваа програма.

## КОИ СЕ МОТИВИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНИТЕ ВО BFC SEE ПРОГРАМАТА?

Како најчести мотиви за учество во BFC SEE програмата, општините наведуваат: **унапредување на ефикасност во работењето на администрацијата**, **привлекување нови инвестиции и препознатливост, промоција и имиџ на општината**.




## КОЈ Е БЕНЕФИТОТ ЗА ОПШТИНАТА ОД ПОСЕДУВАЊЕ BFC SEE СЕРТИФИКАТ?

Повеќе од 3/4 од испитаниците меѓу сертифицираните општини смета дека поседувањето на BFC SEE сертификат е корисно, а дури 83% од сертифицирани општини смета дека локалното стопанство има корист од истиот.




Како најголем бенефит што општината го добива со учество во BFC SEE програмата се издвојува:

- **Препознатливост и промоција во земјата и странство**
- **Можност за дополнително финансирање преку учество во проекти**
- **Зголемено вмрежување и поврзување на BFC SEE општини со цел размена на искуства и примери на добри практики.**

## КОИ СЕ НОВИНИТЕ НА IV-та ЕДИЦИЈА НА BFC SEE СТАНДАРДОТ?

Најновата IV-та едиција на BFC SEE стандардот е развиена на основите на успешна примена на претходната едиција, но и препознати потреби за воведување  содржина и методолошки измени кои следат и промовираат нови развојни тендеции. Овие новини концизно може да се претставaт во четири точки:

- Се воведува нумерички показатели за перфоманси на локалната самоуправа што ќе овозможи мерење на ефектот од одлуки, мерки и активности поврзани со локалниот економски развој.
- Се воведува пракса за стандардизирано собирање и вреднување на развојни модели и иновации, применети во работата на локалните самоуправи, со што ќе се овозможи размена на примери на најдобри практики и ќе јакне соработката и поврзувањето меѓу најуспешните градови и општини.
- Се воведува сет нови критериуми во областа на дигитализација на општински услуги, заштита на животната средина и циркуларна економија како еден од трите столба на одржлив развој за секоја локална заедница.
- Се воведува можност за екстерно истражување на ставови на локалната деловна заедница што ќе претставува дополнителна вредност и ќе дава јасни насоки за креирање поволно деловно опкружување.

## КОИ СЕ КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ЕДНА ОПШТИНА МОРА ДА ГИ ИСПОЛНИ ЗА ДА СЕ НАЈДЕ МЕЃУ НАЈУСПЕШНИТЕ ОПШТИНИ ВО РЕГИОНОТ?

Критериумите за сертификација претставуваат вид на потсетник како една општина треба да ги развива сопствените капацитети.

Успешна сертификација подразбира исполнување на дефинирани стандарди, т.е. вид на гаранција дека постоечките стопанственици, како и потенцијални инвеститори, ќе добијат услуги и информации на начин кој го олеснува деловното работење. Сертификатот значи дека локалната самоуправа документираните процеси и услуги што ги спроведува во своето работење се во согласност со критериумите за сертификација, а тоа е потврдено од екстерна, независна и стручна комисија.

Квалитетот на локалното деловно опкружување се оценува врз основа на повеќе од 60 поткритериуми, групирани во 10 категории:

| |
|---|
| Стратешки насочен развој на локалната заедница со јасно дефиниран план за инфраструктурен развој и капитални инвестиции во чие планирање учествувале и претставници на локалната деловна заедница и граѓаните |
| Функционална Канцеларија за локален економски развој што се грижи за реализација на приоритетните развојни проекти и активно соработува со локалната деловна заедница |
| Партнерски однос на локалната самоуправа и стопанствениците преку функционален Економски совет кој регионално е препознаен како незаменлив механизам во креирање на поволна деловна клима на локално ниво и канал за комуникација со стопанството кое на овој начин станува најефикасен промотор на инвестициските потенцијали на општината. |
| Воспоставен ефикасен систем за добивање градежни дозволи со јасни и транспарентни процедури и инструкции кои се на располагање на заинтерисираните инвеститори |
| Проактивен пристап во промоција на инвестициските потенцијали со информации за можности за вложувања, компаративни предности на општината и поволности за бизнис и инвестиции |
| Предвидливост на трошоци за деловно работење и одговорно управување со финансии преку уреден и функционален механизам за претставување точни или индикативни трошоци за бизнис во процес на инвестициското планирање. |
| Поддршка на локалниот празар на труд преку јасно дефинирани мерки и програми за преквалификација и доквалификација согласно потребите на локалното стопанство |
| Политика за поттикнување и поддршка на развој на претприемништво преку сет финансиски и нефинансиски мерки, бенефиции и олеснувања за сите заинтересирани да отпочнат бизнис |
| Стратешка определеност за заштита на животната средина и локална политика на такси и надоместоци кои стимулираат вклучување на приватен сектор во циркуларна економија, а со цел подигнување на еколошката свест на граѓаните, стопанствениците, локалната самоуправа и комуналните претпријатија |
| Насоченост кон дигитализација на административните постапки и воспоставување иновативни решенија во обезбедување информации и услуги за граѓаните и деловниот сектор преку електронски услуги |

## КОЛКУ ТРАЕ ПРОЦЕСОТ НА СЕРТИФИКАЦИЈА И КОЛКУ Е ВАЖНОСТА НА BFC SEE СЕРТИФИКАТОТ?

За реализација на проецсот е предвидено најмногу 12 месеци, но овој период зависи од самата општина, а кај одредени може да заврши значително порано. Процесот во потполност е автоматизиран и се реализира во рамки на посебно развиен и прилагоден софтвер до кој општината има пристап и ја поднесува барана документација како доказ за исполнетост на дефинираните критериуми.

Целокупниот процес на сертификација на градови и општини со поволно деловно опкружување во Југоисточна Европа е осмислен да биде одржлив на начин што еднаш вопоставени квалитетни процедури и постапки во локалната администрација продолжуваат да функционираат и по успешната реализација на процесот. Период на важење на сертификатот е три години, што бара континуирана проверка, унапредување и одржливост на воспоставените процедури.

По воведната обука за претставниците на општинскиот тим за сертификација, следи фаза на евалуација во која се проверува моменталната состојба на општината во смисла на исполнетост на дефинираните критериуми, по што на општинското раководство му се доставува извештај со конкретни препораки за унапредување што треба да се имплементираат во одреден период. По завршување на фазата на имплементација, следи последната фаза на верификациска проверка и потврда на исполнетост на условите за стекнување со BFC SEE сертификат од страна на независна меѓународна Верификациска комисија.

## КОЈА Е ПРОЦЕДУРАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ВО BFC SEE ПРОГРАМАТА?

Процедурата е максимално поедноставена, а заинтересираните општини за учество во BFC SEE програмата е потребно да достават електронска пријава која се наоѓа на официјалната BFC SEE веб страница (**www.bfc-see.org**) или директно да се обратат до надлежниот Технички секретаријат кој по валидацијата на пријавата ќе ги достави сите неопходни информации и инструкции.

**Контакт на Техничкиот секретаријат:**

Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС
Копенхагенска 5, Скопје
E-mail: contact@zels.org.mk
Тел: +389 (0)2 30 99 033 .